**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП I бр. 25-144
19 10 16 09. 2016 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето поднесено од Друштвото за производство, трговија и услуги СУПЕР АУТО КОНТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз с. Кучевиште Чучер - Сандево УП I бр.25-144 од 02.09.2016 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА**

1. **СЕ ОВЛАСТУВА** Друштвото за производство, трговија и услуги СУПЕР АУТО КОНТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз с. Кучевиште Чучер -Сандево, да врши стручни работи во инспекциското место лоцирано на Кучевишки пат бб. во општина Чучер –Сандево во постапки на:

а) **Единечно одобрување на возило** од категориите L, M, N, O, T, R, S и C, согласно член 2 став (1), став (2) секторски за: возило за специјална намена и возило во последната фаза од повефазно одобрување и став (3) секторски: за преправено возило од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14 и 168/14) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10);

б) **Одобрување на преправено возило од категориите:**

- M, N, во кое дополнително е вграден уред за погон на возилото на течен нафтен гас (ТНГ) ,
- M, N, O во кое дополнително се вградени заштитни фолии или обоено стакло како заштита од сонце,
- M, N, во кое дополнително е вграден механички уред за спојување на влечното со приклучното возило (кука)
- M, N, во кое е променет матично, односно претходно вградениот погонски мотор со мотор од друг вид или тип, или со мотор кој има други карактеристики, согласно член 6 точка 10 и член 7 точка 1, 4 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

в) **Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор)**, согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија“ бр.109/16).

2. Со донесување на ова решение престанува да важи решението со бр.25-114 од 12.09.2014

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 56 став (2) од Законот за возила, СУПЕР АУТО КОНТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз с. Кучевиште Чучер -Сандево, поднесе барање бр.1609-1065/1 од 18.08.2016 год. за издавање на предлог за овластување за техничка служба до органот за одобрување – Биро за метрологија. Органот за одобрување по спроведената постапка, до Министерството за економија достави Предлог за овластување за техничка служба бр. 1609-1065/3 од 31.08.2016 година со целокупната документација и барањето на СУПЕР АУТО КОНТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз с. Кучевиште Чучер -Сандево, заверено под број УП I бр.25-144 од 02.09.2016 година. Кон барањето се поднесени следните документи:

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-082 од 23.07.2014 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија, со важност до 22.07.2018 година и Прилог кон сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-082 од 27.07.2016 година ;

- Тековна состојба од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0805-50/150120160022379 од 05.04.2016 година;

- Доказ за осигурување од професионална одговорност со Албсиг АД-Скопје, Полиса бр.600000233 со важност до 24.06.2017 година;

- Договор за користење на деловни простории бр. УЗП 6168/2016 од 17.08.2016 година;

- Список на опрема, од 05.08.2016 година

-Доказ за потврда за регистрирана дејност бр.0809-50/150120160022374 од 05.04.2016 година.

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех на субјектот ДПТУ АУТО КОНТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз с. Кучевиште Чучер –Сандево бр. 0904-50/150120160022376 од 05.04.2016 година;

- Копии од обрасците М1/М2 и доказ за стручноста (уверенија, дипломи и сертификати од обуки) за: дипл.маш.инж. Ракиповски Ердинч; дипл.маш.инж. Андриана Дудеска; дипл.маш.инж. Костоски Дејан; дипл. електротехнички инж Митевски Дејан; контролор Адемовски Рустем и контролор Алими Шенол,

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање изврши увид во доставената документација и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Driton Kuqi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ